# ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
GJYKATA THEMELORE CIVILE SHKUP
СУ Бр./ Nr. 01 – 1/24
07. 02. 2024 год./ viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Г О Д И Ш Е Н  И З В Е Ш Т А Ј
# ЗА РАБОТА НА ОСНОВНИОТ ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ
# ЗА 2023 ГОДИНА

**Скопје,  февруари 2024 година**

| | |
|---|---|
| страна 2 | I. ВОВЕД |
| страна 4 | II. СТАТИСТИКА НА СУДОТ |
| страна 9 | III. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ |
| страна 11 | IV. КРАТКИ КОНСТАТАЦИИ ЗА ПРОСТОРНИТЕ КАПАЦИТЕТИ, ИНФОРМАТИЧКАТА ТЕХНОЛОГИЈА И ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ |

# I. ВОВЕД

Основниот граѓански суд Скопје е суд со основна и проширена надлежност за подрачјето на општините Центар, Карпош, Ѓорче Петров, Сарај, Кисела Вода, Аеродром, Бутел, Гази Баба, Чаир, Шуто Оризари, Чучер Сандево, Сопиште, Студеничани, Зелениково, Петровец, Илинден и Арачиново.

Основниот граѓански суд Скопје во периодот од 1 јануари до 31 декември 2023 година, својата функција ја извршуваше во рамките на надлежностите утврдени со Законот за судовите, според кој судот е надлежен:

- за спорови во имотно - правните и други граѓанско - правни односи на физички и правни лица, доколку со закон не е предвидена надлежност на друг суд,

- во трговски спорови во кои двете странки се правни лица или државни органи, како и спорови од авторски и други сродни права и права од индустриска сопственост,

- во постапка за стечај и ликвидација,

- во спорови за утврдување и обезбедување за присилно извршување и за спорови на домашни правни и странски лица кои произлегуваат од нивните меѓусебни стопански, односно трговски односи,

- за спорови за утврдување и оспорување на татковство, мајчинство, утврдување на постоење на брак, за поништување на брак и развод на брак, за законска издршка,

- за чување и воспитување на деца,

- за смеќавање на владение,

- за доживотна издршка,

- за надоместок на штета,

- во постапка за обезбедување и извршување,

- за работни односи,

- во спорови од наследно - правни односи,

- во вонпарнични и оставински работи,

- водење судски регистар за политички партии и цркви, верски заедници и религиозни групи и

- за други работи утврдени со закон.

Со Одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија број 09-2190/1 од 08.11.2023 година, за Претседател на Основниот граѓански суд Скопје е избран м-р Бесник Авдија - судија на Основниот граѓански суд Скопје.

На крајот од 2023 година, Основниот граѓански суд Скопје ја извршуваше судската власт со 55 судии, вклучувајќи го Претседателот на судот и еден судија времено упатен од Основен суд Крива Паланка, што е значително помал бројот на судии од утврдените 77 судиски места во Основниот граѓански суд Скопје, вклучувајќи го и Претседателот на судот.

Со Решение на Судскиот совет на Република Северна Македонија, бр. 02-106/1 од 13.01.2023 година, на судијата Весна Калковска и се констатира престанок на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија.

Со Решение на Судскиот совет на Република Северна Македонија, бр. 02-403/2 од 21.02.2023 година, на судијата Зора Божиновска и се констатира престанок на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија.

Со Решение на Судскиот совет на Република Северна Македонија, бр. 02-506/1 од 28.02.2023 година, на судијата Весна Стрезовска и се констатира престанок на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија.

Со Решение на Судскиот совет на Република Северна Македонија, бр. 02-2581/23 од 28.12.2023 година, на судијата Снежана Ивановска и се констатира престанок на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија.

Со Решение на Судскиот совет на Република Северна Македонија, бр. 02-1452/2 од 31.07.2023 година, на судијата Вероника Жеваировска и се констатира мирување на судиската функција поради упатување на брачен другар во странство.

Со Решение на Судскиот совет на Република Северна Македонија, бр. 02–1284/2 од 27.09.2023 година судијата Благица Ѓошевска од Основниот суд Крива Паланка е времено упатена во Основниот граѓански суд Скопје.

Со Одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија, бр. 09-1524/1 од 26.07.2023 година е избран судијата Кристијан Митревски за судија во Основен граѓански суд Скопје.

Со Одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија, бр. 09-1525/1 од 26.07.2023 година е избрана судијата Симона Бубевска Муцунски за судија во Основен граѓански суд Скопје.

Со Одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија, бр. 09-1526/1 од 26.07.2023 година е избрана судијата Лилјана Костојчиноска за судија во Основен граѓански суд Скопје.

Со Одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија, бр. 09-1527/1 од 26.07.2023 година е избран судијата Драган Петрушевски за судија во Основен граѓански суд Скопје.

Со Одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија, бр. 09-1872/1 од 27.09.2023 година е избрана судијата Сања Томиќ Велкоски за судија во Основен граѓански суд Скопје.

Со Одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија, бр. 09-1528/1 од 26.07.2023 година е избрана судијата Маја Каталиниќ за судија во Основен граѓански суд Скопје и истата со Решение на Судскиот совет на Република Северна Македонија, бр. 02-1708/2 од 06.09.2023 година е времено упатена во Основниот суд Куманово.

Со Одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија, бр. 09-1529/1 од 26.07.2023 година е избрана судијата Андреа Апостолска Малиновска за судија во Основен граѓански суд Скопје и истата со Решение на Судскиот совет на Република Северна Македонија, бр. 02-1738/8 од 09.10.2023 година е времено упатена во Основниот суд Кичево.

Со Одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија, бр. 09-1530/1 од 26.07.2023 година е избран судијата Пајтим Машкули за судија во Основен граѓански суд Скопје и истиот со Решение на Судскиот совет на Република Северна Македонија, бр. 02-1530/10 од 09.10.2023 година е времено упатен во Основниот суд Струга.

Со Одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија, бр. 09-1531/1 од 26.07.2023 година е избран судијата Јордан Јорданов за судија во Основен граѓански суд Скопје и истиот со Решение на Судскиот совет на Република Северна Македонија, бр. 02-1739/1 од 06.09.2023 година е времено упатен во Основниот суд Струга.

Со Одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија, бр. 09-1873/1 од 27.09.2023 година е избрана судијата Ирена Митреска за судија во Основен граѓански суд Скопје и истата со Решение на Судскиот совет на Република Северна Македонија, бр. 02-2230/3 од 13.11.2023 година е времено упатена во Основниот суд Кичево.

Со Одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија, бр. 09-1874/1 од 27.09.2023 година е избрана судијата Драгана Илиовска за судија во Основен граѓански суд Скопје и истата со Решение на Судскиот совет на Република Северна Македонија, бр. 02-2231/1 од 13.11.2023 година е времено упатена во Основниот суд Кочани.

## II. ИЗВЕШТАЈ ЗА СТАТИСТИКА НА ПРЕДМЕТИ

| Нерешени предмети на почеток на 2023 година | Новопримени предмети во 2023 година | Повторно заведени предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа во 2023 година | Решени предмети во 2023 година | Нерешени предмети на крајот на 2023 година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 17990 | 42711 | 1090 | 34 | 61757 | 41706 | 20051 |

| Реден број | Вид на предмет | Нерешени предмети на почеток на 2023 година | Новопримени предмети во 2023 година | Повторно заведени предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа во 2023 година | Решени предмети во 2023 година | Нерешени предмети на крајот на 2023 година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Стечај | 283 | 166 | 50 | 0 | 499 | 260 | 239 |
| 2 | Заверки | 17 | 11851 | 2 | 1 | 11869 | 11850 | 19 |
| 3 | Замолници | 51 | 177 | 0 | 0 | 228 | 185 | 43 |
| 4 | Трговски спорови | 692 | 324 | 105 | 4 | 1117 | 504 | 613 |
| 5 | Парнични - мала вредност | 2304 | 2282 | 92 | 3 | 4675 | 2389 | 2286 |
| 6 | Работни спорови | 8260 | 5984 | 345 | 16 | 14573 | 4616 | 9957 |
| 7 | Платни налози - предлог | 1 | 7 | 1 | 0 | 9 | 8 | 1 |
| 8 | Платни налози по приговор | 2328 | 2165 | 127 | 1 | 4619 | 2565 | 2054 |
| 9 | Приговори против неправилности при извршување | 29 | 913 | 30 | 0 | 972 | 940 | 32 |
| 10 | Вонпарнични предмети (ВПП) | 403 | 1477 | 16 | 0 | 1896 | 1305 | 591 |
| 11 | Оставина | 5 | 4 | 10 | 0 | 19 | 10 | 9 |
| 12 | Имотни спорови | 1006 | 701 | 92 | 1 | 1798 | 710 | 1088 |
| 13 | Семејни спорови | 774 | 1570 | 49 | 1 | 2392 | 1254 | 1138 |
| 14 | Ликвидација | 7 | 5 | 3 | 0 | 15 | 9 | 6 |
| 15 | Противизвршување | 4 | 7 | 0 | 0 | 11 | 8 | 3 |
| 16 | Извршување по Законот за семејство | 1 | 2 | 0 | 0 | 3 | 2 | 1 |
| 17 | Оставина по приговор | 19 | 47 | 4 | 0 | 70 | 40 | 30 |
| 18 | Разни вонпарнични предмети | 48 | 13710 | 0 | 0 | 13758 | 13729 | 29 |
| 19 | Физичка делба | 304 | 183 | 23 | 1 | 509 | 152 | 357 |
| 20 | Регистрација на политички партии и др | 6 | 42 | 4 | 1 | 51 | 44 | 7 |

| Реден број | Вид на предмет | Нерешени предмети на почеток на 2023 година | Новопримени предмети во 2023 година | Повторно заведени предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа во 2023 година | Решени предмети во 2023 година | Нерешени предмети на крајот на 2023 година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 21 | Облигациони спорови | 1438 | 901 | 133 | 4 | 2468 | 937 | 1531 |
| 22 | Платен налог жалби | 1 | 5 | 0 | 1 | 5 | 5 | 0 |
| 23 | Издавање дозволи | 0 | 160 | 0 | 0 | 160 | 160 | 0 |
| 24 | Разни парнични предмети | 9 | 28 | 4 | 0 | 41 | 24 | 17 |
| | **ВКУПНО** | **17990** | **42711** | **1090** | **34** | **61757** | **41706** | **20051** |

| Реден број | Вид на предмет | Нерешени предмети на почеток на 2023 година | Новопримени предмети во 2023 година | Повторно заведени предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа во 2023 година | Решени предмети во 2023 година | Нерешени предмети на крајот на 2023 година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | СУ - СУ-07 | 64 | 3151 | 0 | 1 | 3214 | 3202 | 12 |
| 2 | СУ-ДОВ и СУ-СТРДОВ | 0 | 3 | 0 | 0 | 3 | 3 | 0 |
| 3 | СУ-ИЗЗ | 2 | 413 | 0 | 0 | 415 | 413 | 2 |
| 4 | УПП | 2 | 71 | 0 | 0 | 73 | 72 | 1 |
| 5 | СПИ | 0 | 26 | 0 | 0 | 26 | 26 | 0 |
| | **ВКУПНО** | **68** | **3664** | **0** | **1** | **3731** | **3716** | **15** |

Анализата на вкупните податоци покажува дека Судот не го совладал приливот во текот на 2023 година.

| Квалитет на предметите на ниво на суд | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Решени предмети | Потврдени | | Преиначени | | Укинати | | Делумно укинати | |
| број | број | % | број | % | број | % | број | % |
| 29673 | 3544 | 11,94% | 306 | 1,03% | 604 | 2,04% | 131 | 0,44% |

| Реден број | Вид на предмет | Вкупен број на одлуки од повисок суд во 2023 година, со кои е потврдена одлука на овој суд | Вкупен број на одлуки од повисок суд во 2023 година, со кои е преиначена одлука на овој суд | Вкупен број на одлуки од повисок суд во 2023 година, со кои е укината одлука на овој суд | Вкупен број на одлуки од повисок суд во 2023 година, со кои е делумно укината одлука на овој суд |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Заверки | 1 | 0 | 0 | 0 |
| 2 | Трговски спорови | 180 | 10 | 44 | 4 |
| 3 | Парнични - мала вредност | 588 | 117 | 71 | 8 |
| 4 | Работни спорови | 1236 | 33 | 220 | 94 |
| 5 | Платни налози - предлог | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 6 | Платни налози по приговор | 681 | 13 | 83 | 5 |
| 7 | Приговори против неправилности при извршување | 329 | 53 | 0 | 0 |
| 8 | Вонпарнични предмети (ВПП) | 41 | 1 | 7 | 2 |
| 9 | Имотни спорови | 165 | 8 | 55 | 4 |
| 10 | Семејни спорови | 84 | 2 | 25 | 6 |
| 11 | Ликвидација | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 12 | Противизвршување | 3 | 0 | 0 | 0 |
| 13 | Оставина по приговор | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 14 | Физичка делба | 12 | 0 | 5 | 1 |
| 15 | Облигациони спорови | 221 | 69 | 90 | 7 |
| 16 | Платен налог жалби | 2 | 0 | 0 | 0 |
| 17 | Разни парнични предмети | 0 | 0 | 1 | 0 |
| | ВКУПНО | 3544 | 306 | 604 | 131 |

| Реден број | Вид на предмет | Одлуки од повисок суд во 2023 година, со кои е потврдена одлука на овој суд споредено со вкупниот број на решени предмети од тој вид, изразено во проценти | Одлуки од повисок суд во 2023 година, со кои е преиначена одлука на овој суд споредено со вкупниот број на решени предмети од тој вид, изразено во проценти | Одлуки од повисок суд во 2023 година, со кои е укината одлука на овој суд споредено со вкупниот број на решени предмети од тој вид, изразено во проценти | Одлуки од повисок суд во 2023 година, со кои е делумно укината одлука на овој суд споредено со вкупниот број на решени предмети од тој вид, изразено во проценти |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Заверки | 0,01% | 0% | 0% | 0% |
| 2 | Трговски спорови | 35,71% | 1,98% | 8,73% | 0,79% |
| 3 | Парнични - мала вредност | 24,61% | 4,90% | 2,97% | 0,33% |
| 4 | Работни спорови | 26,78% | 0,71% | 4,77% | 2,04% |
| 5 | Платни налози - предлог | 0% | 0% | 12,5% | 0% |
| 6 | Платни налози по приговор | 26,54% | 0,51% | 3,24% | 0,19% |
| 7 | Приговори против неправилности при извршување | 35% | 5,64% | 0% | 0% |
| 8 | Вонпарнични предмети (ВПП) | 3,14% | 0,08% | 0,54% | 0,15% |
| 9 | Имотни спорови | 23,24% | 1,13% | 7,75% | 0,56% |
| 10 | Семејни спорови | 6,70% | 0,16% | 1,99% | 0,48% |
| 11 | Ликвидација | 11,11% | 0% | 11,11% | 0% |
| 12 | Противизвршување | 37,5% | 0% | 0% | 0% |
| 13 | Оставина по приговор | 0% | 0% | 2,5% | 0% |
| 14 | Физичка делба | 7,89% | 0% | 3,29% | 0,66% |
| 15 | Облигациони спорови | 23,59% | 7,36% | 9,61% | 0,75% |
| 16 | Платен налог жалби | 40% | 0% | 0% | 0% |
| 17 | Разни парнични предмети | 0% | 0% | 4,17% | 0% |

Анализата на овие податоци покажува дека во периодот од 1 јануари 2023 година, заклучно со 31 декември 2023 година, од вкупниот број примени одлуки од повисокиот суд:

- 3544 одлуки биле потврдени одлуки на овој Суд, односно 11,94% од вкупниот број решени предмети;
- 306 одлуки биле преиначени одлуки на овој Суд, односно 1,03% од вкупниот број решени предмети;
- 604 одлуки биле укинати одлуки на овој Суд, односно 2,04% од вкупниот број решени предмети; и
- 131 одлуки биле делумно укинати одлуки на овој Суд, односно 0,44% од вкупниот број решени предмети.

## III. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

| Реден број | Вид на предмет | Нерешени стари предмети на почеток на 2023 година | Новопримени стари предмети во 2023 година | Вкупно во работа стари нерешени предмети во 2023 година | Решени стари предмети во 2023 година | Нерешени стари предмети на крајот на 2023 година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Стечај | 124 | 47 | 171 | 62 | 109 |
| 2 | Заверки | 1 | 3 | 4 | 2 | 2 |
| 3 | Замолници | 2 | 4 | 6 | 2 | 4 |
| 4 | Трговски спорови | 264 | 180 | 444 | 192 | 252 |
| 5 | Парнични - мала вредност | 268 | 341 | 609 | 317 | 292 |
| 6 | Работни спорови | 964 | 1302 | 2266 | 913 | 1352 |
| 7 | Платни налози по приговор | 255 | 294 | 549 | 296 | 253 |
| 8 | Вонпарнични предмети (ВПП) | 39 | 41 | 80 | 40 | 40 |
| 9 | Оставина | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| 10 | Имотни спорови | 282 | 248 | 530 | 209 | 321 |
| 11 | Семејни спорови | 32 | 53 | 85 | 32 | 53 |
| 12 | Ликвидација | 5 | 0 | 5 | 1 | 4 |
| 13 | Противизвршување | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| 14 | Оставина по приговор | 3 | 5 | 8 | 3 | 5 |
| 15 | Физичка делба | 88 | 73 | 161 | 45 | 116 |
| 16 | Регистрација на политички партии и др | 4 | 4 | 8 | 4 | 4 |
| 17 | Облигациони спорови | 389 | 362 | 751 | 302 | 449 |
| 18 | Разни парнични предмети | 4 | 3 | 7 | 6 | 1 |
| | **ВКУПНО** | **2726** | **2960** | **5686** | **2426** | **3260** |

Во 2023 година, Судот во работа имаше 5686 предмети кои имаат статус на стари предмети. Од тие, 2960 се сметаат за примени стари предмети во 2023 година, а 2726 беа пренесени како нерешени стари предмети од претходната година. Од вкупниот број на предмети во работа кои имаат статус на стари предмети, во текот на 2023 година беа завршени 2426 предмети, а останаа нерешени 3260 предмети.

## IV. КРАТКИ КОНСТАТАЦИИ ЗА ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ, ИНФОРМАТИЧКАТА ТЕХНОЛОГИЈА И ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ

Прием на писмената, поднесоци и документи вршат судски службеници во одделението за прием, кое се наоѓа во посебен дел од зградата на судот. Судските службеници во ова одделение административно постапуваат при приемот, односно вршат прием на поднесоци, втиснуваат приемен штембил, ги распоредуваат и евидентираат во книги според судски оддели и одделенија.

Работите и работните задачи на доставување на примените писмена, поднесоци и документи до судската писарница и други одделенија во судот ја вршат вработени кои се распоредени во одделението за прием, како и вработени кои се распоредени во одделението за достава.

Работите и работните задачи во судските писарници се распределуваат според видот на предметите и обемот на работа и тоа, во писарница за имотни спорови, спорови од мала вредност и семејни спорови, писарница за трговски спорови, писарница за работни спорови, писарница за стечај и ликвидација, писарница за оставински и вонпарнични предмети.

Прераспоредување од една во друга писарница се врши доколку се намали бројот на распоредени судски службеници во една писарница или доколку писарницата има зголемен обем на работа.

Во секоја судска писарница се распоредени судски службеници кои водат уписници (уписничар). Уписничарот, најпрво евидентира тужби во АКМИС системот и оформува судски предмет во хартиена форма. Понатаму, врши автоматска распределба на предметите и на крајот ги распоредува новоформираните предмети на судските службеници кои работат со судија.

Судските службеници кои се распоредени на работа со судија ги дообразуваат предметите, ги евидентираат и предаваат на судија, а потоа извршуваат дејствија согласно наредбата од судијата; спојуваат доставници; се грижат списите секогаш да бидат средени, попишани и залепени на начинот согласно судскиот деловник; вршат експедиција на судските одлуки и други писмена преку пошта, преку службено лице на судот и по електронски пат; секој ден ги доставуваат поднесоците, доставниците за неуредно извршена достава на судијата кај кого е распределен предметот, како и предметите за кои се создадени услови за правосилност, извршност и архивирање; работат со странки; преземаат соодветни мерки во делокругот на своето работење за наплатување судска такса и други постапувања согласно закон и судски деловник.

Доставата на писмената се врши преку службени лица на судот распоредени во одделението за достава, непосредно во судот, преку пошта, преку нотар, извршител, како и по електронски пат.

Во однос на електронската достава во месец јануари е извршена во 185 предмети; во месец февруари во 209 предмети; во месец март во 259

предмети; во месец април во 170 предмети; во месец мај во 152 предмети; во месец јуни во 150 предмети; во месеците јули и август во 173 предмети; во месец септември 206 предмети; во месец октомври во 130 предмети; во месец ноември 156 предмети и во месец декември во 204 предмети.

Вкупниот број на предвидени работни места за судските службеници, лицата кои вршат технички и помошни работи и судската полиција во Основниот граѓански суд Скопје, според категории, нивоа и звања, стручни квалификации, работно искуство, посебни работни компетенции согласно со Законот за судска служба, како и опис на работните задачи, во Основниот граѓански суд Скопје се утврдени со Правилникот за систематизација на работните места во судот.

Со овој акт до крајот на извештајната година се предвидени вкупно 581 работни места во Судот. Од вкупниот број, 1 работно место е предвидено во Категорија А - судски администратор, 9 работни места се предвидени во Категорија Б - раководни судски службеници, 157 работни места се предвидени во Категорија В - стручни судски службеници, 367 работни места се предвидени во Категорија Г - помошно-стручни судски службеници, 12 работни места се предвидени за судската полиција и 35 вработени кои вршат технички и помошни работи во судот.

Распоредот на работните места и бројот на извршители е утврден врз основа на обемот на работата во судот и потребата сите служби во судот да функционираат стручно и ажурно.

Од друга страна, на крајот на 2023 година, Основниот граѓански суд Скопје располагал со вкупно 236 вработени во судската служба. Од вкупниот број, 2 биле вработени на определено време.

Во рамки на категоријата А - судски администратор предвиденото 1 работно место било пополнето. Во рамки на категоријата Б - раководни судски службеници, од предвидените 9 работни места, биле пополнети 2 работни места во звањата раководител на оддел и раководител на одделение. Во рамки на категоријата В - стручни судски службеници од предвидените 157 работни места, биле пополнети 64 работни места во звањата советник, виш судски соработник, судски соработник, соработник, помлад судски соработник и помлад соработник. Во рамки на категоријата Г - помошно-стручни судски службеници од предвидените 367 работни места, биле пополнети 152 работни места во звањата самостоен судски референт, самостоен референт, виш судски референт, судски референт и помлад судски референт. Останатите вработени во судот биле 7 припадници на судската полиција и 10 вработени лица кои во судот вршеле технички и помошни работи.

Во текот на 2023 година, биле реализирани две (2) вработувања на определено време.

Работното време во судот е од 07,30 до 15,30 часот. Паузата во текот на работното време се користи од 11,00 до 11,30 часот. Временскиот период за работа со странки во судските писарници е од 08,30 до 14,00 часот.

Вработените во судот се должни да се придржуваат на работното време и да бидат на своите работни места без непотребно задржување во други простории на судот.

Во работните простории во судот не е дозволено однесување што го нарушува работниот тек. По завршувањето на работното време предметите, службените материјали, кацеларискиот прибор, други предмети од поголема вредност, печатите и штембилите се заклучуваат. Сите простории мора да имаат резервни клучеви кои се чуваат кај судската полиција. Вработените се должни пред напуштањето на работните простории да проверуваат дали се затворени прозорците и изгасени светлата. Припадниците на судската полиција по работното време се должни да вршат редовна контрола на просториите и состојбата во и околу судската зграда.

За правилно користење на главниот и службениот влез на судот се грижи судската полиција, која обезбедува непречено движење на вработените, странките и другите лица кои влегуваат и излегуваат од судската зграда. За влез и излез во судската зграда, странките и другите лица го користат главниот влез. На главниот влез судската полиција врши легитимирање. На лицата под дејство на алкохол и наркотични средства судската полиција не им дозволува влез во судската зграда. Не е дозволено задржување на странките и другите лица во зградата на судот по завршување на потребата. Во судниците, како и во просториите за разгледување на списи забранета е употребата на мобилните телефони.

Со куќниот ред се утврдува начинот на користење на работните простории, одржување на редот и хигиената, потребните мерки за безбедност на просториите и други мерки за чување на средствата за работа и предметите што се наоѓаат во судот. Со куќниот ред се утврдуваат должностите на судската полиција на која и е доверена грижата за безбедност во зградата.

Во контекст на просторните капацитети, овој Суд нема просторни можности за преземање на нотарската архива на чување.

Имено, просторот кој во зградата на Судот е предвиден и се користи како пасивна архива е целосно пополнет, па доколку биде преземена архивата на нотар на која му престанала службата, истата не би можела да се чува во просторот за таа намена, односно да се чува на начин како што е предвидено со прописите кои ја регулираа оваа материја.

Судот треба да обезбеди чување, стручно одржување и обезбедување на архивскиот материјал на нотарите од оштетување, уништување и исчезнување. Притоа, архивата на нотарите се состои од акти, односно списи на предмети, како и уписници и книги.

Понатаму, чести се барањата за увид во списите на предметите и во уписниците и барањата за издавање на препис од истите.

Наведените обврски на Судот подразбираат предметите да не се оставаат без надзор, да бидат заклучени и обезбедени во пасивната архива и воедно, да се сместени на начин кој ќе обезбеди нивно користење.

Овие обврски од погоре наведените причини Судот во 2023 година не можеше да ги исполни, бидејќи просторот за таа намена (паснивната архива) е искористен.

За потешкотиите со кои се соочува Основниот граѓански суд Скопје во однос на исполнување на законската обврска од член 18 од Законот за нотаријатот, дека нема просторни можности да ја преземе архивата на нотарите го запознавме Министерството за правда, Судскиот совет на Република Северна Македонија и Нотарската комора на Република Северна Македонија.

Треба да се има предвид дека Судот претходно ја исполнувал обврската од член 18 став 1 од Законот за нотаријатот, и постапува по барањата за увид и издавање на препис од актите.

Повторно сакаме да нагласиме дека Основниот граѓански суд Скопје и покрај јасно определената законска обврска, нема просторни можности да ја преземе архивата на нотарите на кои им престанала функцијата, особено не на начин како што е предвидено со прописите кои ја регулираат оваа материја.

Се надеваме дека законското овластување на Министерството за правда од член 23 од Законот за нотаријатот, Службен весник на РМ, број 72/16, да даде претходна писмена дозвола за предавање на нотарската архива на чување, освен на судот, и на Комората или на друго правно лице регистрирано за дејноста архивирање и чување на предмети, во иднина ќе придонесе за надминување на потешкотиите на Основниот граѓански суд Скопје за преземање на нотарската архива на чување.

Исто така, и просторот наменет за чување на предметите за кои постапката е во тек и решените предмети за кои постапката продолжува до исполнување на услови за архивирање се искористува во целост.

Судот презема конкретни мерки и активности за обезбедување просторни услови за чување на предметите на Основниот граѓански суд Скопје за кои постапката е во тек, решените предмети за кои постапката продолжува до исполнување на услови за архивирање и за чување на документираниот и архивскиот материјал.

Поконкретно, Основниот граѓански суд Скопје приспособи простор на горните катови во холовите на зградата во судот за чување на дел од пасивната архива, односно архивскиот и документираниот материјал кој го создава Основниот граѓански суд Скопје. Воедно, приспособи простор на приземјето на судот во делот на судските писарници за чување на дел од пасивната архива, и покрај тоа што истиот простор е наменет за прирачната архива. Но, и покрај сите преземени мерки, судот се соочува со сериозен недостиг на простор за чување на предметите.

За обележување е и фактот дека хоризонталната инсталација на системот за греење и ладење во судската зграда е целосно обновена и сменета, од причина што беше стара и оштетена, заради што системот во определени простории, меѓу кои и судници, не функционираше и тоа доведуваше до отежнато функционирање на судот, како и до чести поплавувања, кои предизвикуваат оштетувања.

Во судот се употребуваат АКМИС и СРС ФЕМИДА софтверски апликации како основни апликации за работа на судот со судските предмети. Потребно е да се напомене дека за АКМИС апликацијата постои тековно одржување односно надградба и стручна помош од страна на одговорната фирма за АКМИС, додека за СРС ФЕМИДА системот односно софтверот за водење на тонски записи на рочиштата, непостои одржување во смисла за надградба на системот како и за замена на технички неисправните компоненти. Потребно е од итен карактер да се обезбеди одржување на СРС ФЕМИДА системот особено со стапувањето на сила на Законот каде е предвидено задолжително водење на тонски записи на рочиштата. Овој суд континуирано секојдневно врши вакви тонски записи на рочиштата. Опремени се 28 судници, меѓутоа веќе поголем дел од опремата е амортизирана и технички неисправна со што се отежнува функционирањето на истата, па од особена важност е да се превземат мерки за замена на неисправните компоненти, како би можело непречено да се одвиваат рочиштата со тонски запис во сите судници на овој суд.

АКМИС софтверот во изминатиот период е надоградуван и инсталирани се нови верзии со имплеметирани подобрувања во функционирањето. Истото се врши од страна на одговорната надворешна фирма за одржување и надоградба на АКМИС.

Во изминатиот период опремена е една дигитална судница.

Во моментот сеуште функционира односно паралелно работи и стариот сервер со новиот сервер, бидејќи во судот сеуште има работни станици кои користат стар оперативен систем кој не е компатибилен за работа со новиот сервер, се до целосно обновување на тие работни станици, односно до набавка на нови компјутери со кои ќе се заменат старите.

Во делот на backup судот до минатата година го правеше на ДВД дискови, поради технички причини. Со инсталација на новиот сервер процедурата за backup е сменета.

Потребно е да се воспостави процедури за backup и за тонските записи, кои во моментот се зачувуваат покрај на ЦД медиум и локално на работната станица, што значи доколку се оштети снименото цд од тонскиот запис не е можно да се поврати тој запис. Со оглед на тоа потребно е и набавка на посебен data storage, каде ќе се врши backup на сите тонски записи.

За сите недостатоци и потребни надградби на АКМИС системот како и во врска со електронската достава, судот го известува Работното тело за

унапредување и стандардизација на постапките при Врховен суд на РСМ. Исто така во делот на електронската достава при проблеми со најавувања на субјектите и евентуални технички проблеми овој суд освен да прифати или одбие регистрација и притоа да го провери/ажурира истото не е во можност за други интервенции.

Веб страната на судот континуирано се ажурира. Имено, на судскиот портал секојдневно се објавуваат Одлуки донесени од страна на овој суд како и останати Соопштенија во врска со работата на судот и календар на закажани рочишта, како и останати информации во врска со судот.

Модулот за скенирање на сите примени поднесоци во овој суд во моментот не се користи поради недостаток на технички и човечки ресурси со оглед на големината и обемот на дневно примената пошта за овој суд.

Обезбедена е интернет конекција на сите работни станици на кои работат судиите, како и на одредени работни станици кои ги користи судската администрација.

Во поголем дел за информатичката технолигија судот не е надлежен, односно сите централни апликации и политики за употреба на истите, се во надлежност или ги креира Врховниот суд на РСМ, Министерството за правда на РСМ и Судскиот Совет на РСМ.

Овој суд е опремен со два сервера кои се наменети за интероперабилност, односно во двата проекти за Интероперабилност, кој вклучува меѓусебна комуникација на неколку државни институции и тоа со однапред дефинирани кориснички сервиси. Судот моментално е пасивен корисник, односно ги дава претходно дефинираните сервиси на договорените институции, но не ги користи нивните понудени сервиси, бидејќи е потребно претходно усогласување на некои процесни и законски пречки.

Од проблемите со кои се соочи судот во своето функционирање, може да се утврди дека како главен проблем се јави недостатокот од јасен и прецизен нормативен акт кој ја регулира работата на судот како и недостатокот од информатичко-технолошка опременост.

Основен проблем со кој се соочи судот беше недостаток на човечки ресурси односно несоодветен број на судска служба и судии, со што всушност се намали и капацитетот на работата. Ова од причина што дел од судската служба и судии беа отсутни односно голем број на судии заминаа во старосна пензија, како и дел од новоизбраните судии беа делегирани во други судови, но и покрај ваквите услови Судот со натчовечки напори се справуваше со сите новонастанати проблеми во текот на годината.

**ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**m-r Besnik Avdija**

**Основен граѓански суд Скопје**

**Бул.„Гоце Делчев“ бр.4**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

**тел. +389 2 3120-171**
**тел. +389 2 3119-803**

**e-mail: osnovensudskopje2@osskopje.mk**